| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.**<br>**Како го поминав зимскиот распуст**<br> | **Раскажување по доживување** | **1**<br><br>**1.11.2021** | **Воведни активности**<br><br>Мрежа на дискусија – заврши распустот , завршија празниците повторно во училишните клупи<br>Ѕид на зборови<br>**Учениците кажуваат клучни зборови од своите доживувања за време на зимскиот распуст**<br><br>**Главна активност**<br><br>Со помош на зборовите составуваат реченици, раскажуваат за своите доживувања, сее потсетуваат што се правеја после Нова година.<br>Задача: секој ученик треба да изработи филмска лента во која ке ги илустрира своите доживувања , внимавајќи при тоа да имаат редосслед настаните како временски се одвиваале . Почнуваме после Нова година...па се до овој ден ...<br>Самостојна работа на учениците РЛ<br>Ги контролирам , мотивирам , охрабрувам и насочувам<br><br>**Завршна активност**<br><br>Сечење , лепење, боење<br>Презентирање на сценариото со усно раскажување –<br>Избор - Филм на денот<br><br>**Рефлексија**<br> | Молив<br>Работен лист<br> | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |

Билјана Чурлевска Маневска 2021

resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **2. Гатанки** | Препознава и издвојува зборови кои се римуваат во | **1** | **Воведни активности**<br><br>Со употреба на техниката ,, *Наставникот чита наглас*,, им читам две гатанки :гатанките ги доживуваат и вербално и визуелно истакнати на видео бим.По читањето следи и кратка дискусија<br>**Три месеци е празно а девет месеци е полно.**<br>Прашувам : Што прочитав?<br>Дали го препознаваат овој вид на текст?<br>Дали ги знаат одговорите на поставените гатанки,што се крие зад овие скриени загонетки?<br>Истакнување на целта Денес ќе учиме за Гатанки<br><br>**Главна активност**<br><br>Забавна традиција –компјутерска презентација<br>Барам доброволец од учениците да ја започне играта ,односно ја чита првата гатанка , а другите ученици внимателно слушаат и се трудат да го најдат вистинскиот одговор на поставеното прашање –гатанка.<br>Учениците откриваат кој предмет или појава се крие зад гатанката.<br>Во текот на дискусијата објаснувам дека постојат **народни гатанки** и **авторски гатанки.**<br>Како пример им читам неколку македонски народни гатанки на разни дијалекти.(слајд 20) а тие внимателно слушаат и доколку знаат даваат одговор,истовремено ставам акцент на говорот на кој се напишани.<br>( ако има потреба го објаснувам непознатио збор или израз)<br>По откривањето на сите гатанки следи кратка мрежа на дискусија по која донесуваме заклучок: **Гатанките се народни умотворби кои се составени од прашање и одговор,**<br>**Прашањето е метафорично пртставување на предметот и појавата која треба да се погоди со одговорот.** | Молив<br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |

Од едно огниште цел свет се грее.







resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
|  | | | **Завршна активност**<br><br>Во завршниот дел од часот учениците добиват картички на кои ќе треба да напишат гатанки. ( учебникот може да им помогне на оние кои немаат идеја )<br><br>Потоа следи игра ,, ***Досети се и победи*** ,,<br>Играта ја започнувам јас – кажувам една гатанка<br><br>Оној што ќе ја погоди гатанката ја продолжува играта.<br>Играта се игра се додека не се залепат сите картички на таблата.<br><br>**Рефлексија** | | |





| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.**<br><br>**Текст „Танц на снегулките“** | Одредува место и време на случувањата во литературниот текст. • Идентификува ликови во литературниот текст. • Опишува ситуации од секојдневниот живот кои соодветствуваат на постапките на ликовите од литературниот текст. | **1**<br><br>**2021** | **Воведни активности**<br><br>Поставувам прашања со цел да ги воведам учениците во новата содржина<br>Прашање за размислување : Кој танцува?<br>Одговараат на поставеното прашање<br>Критички и логички донесуваат заклучоци во врска со темата на разговор<br>Истакнувам дека денес ќе дознаеме за едни убави , нежни танчерки.<br>Преку текстот што ќе им го прочитам<br><br>**Главна активност**<br><br>Доживувањето на целосната содржина го вршам со читање на текстот техника - Наставникот чита наглас (ЈП)<br>Изразувањето на непосредното доживување го вршам со техниката видови прашања (ЈП)<br>Учениците Активно слушааат<br>Поставувам прашања, а тие одговараат на прашањата<br>Читаат и со свои зборови искажуваат впечатоци и размислувања<br>Изработуваат мрежа на темата преку која потоа донесуваат заклучоци<br><br>**Завршна активност**<br><br>**Читање на текстот и илустрирање Мојата снегулка балерина**<br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |








resursi.literatura.mk

| **Содржини и поими** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио на часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.**<br><br>**Раскажување на текстот**<br>**Расказни реченици** | Прераскажува содржина на прочитан кус литературен текст со свои зборови | **1** | **Воведни активности**<br>Игра каде треба една иста реченица да ја кажат на различни начини<br>Јас денес јадев сендвич.<br>Јас денев јадев сендвич!<br>Јас денес јадев сендвич?<br>Следи мрежа на дискусија како е правилно да се изговори оваа реченица<br>Разменуваат мислења, извлекуваме заклучоци и ги воведувам во новата наставна единица.<br><br>**Главна активност**<br><br>Давам задачи и упатства за самостојни активности .<br>Раскажување на текстот , со свои зборови , со опис на време , место , ликови, хронологија на настаните итн...<br>Учениците презентираат што сработиле , дискутираме , правиме споредби и иразлики во раскажувањето, корегираме и давам насоки за правилно раскажување<br><br>**Завршна активност**<br>Осврт на речениците со кои нешто раскажуваме – расказни реченици , на крај точка итн...<br>Јас изговарам реченица , а тие ...го ставаат потребниот знак .<br>( картички со интерпункциски знаци )<br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |





resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **5. Стихотворба „Зима“** | Препознава и издвојува зборови кои се римуваат во стихотворби.<br>•<br>Репродуцира стихотворби. | **1** | **Воведни активности**<br><br>Бура на идеи – Зима<br>Учениците кажуваат зборови што му асоцираат на зима<br>Разговараме што е карактеристично за зимата, какво е времето, како се облекуваме во зима и сл.<br>Рецитирање на песната<br><br>**Главна активност**<br><br>Учениците внимателно слушаат, а потоа се води дискусија за нејзината содржина.<br>Песничката повеќекратно ја повторуваме дел по дел (наставникот заедно со учениците) со цел учениците да ја запомнат и самите да ја репродуцираат во целина.<br><br>**Завршна активност**<br><br>Рецитирање на песничката од оние ученици кои ја запомниле<br>Илустрирање на песничката<br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |





resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **6. Рецитирање на стихотворбата**<br> | Уметничка изведба на песната<br>Препознава и издвојува зборови кои се римуваат во стихотворби.<br>• Репродуцира стихотворби. | **1** | **Воведни активности**<br><br>Психолошка подготовка , вежби за дишење ...<br>Потсетување на песничката<br>**Упатства за правилен став при рецитирање , прилагодување на боја на гласот и сл...**<br><br>**Главна активност**<br><br>Уметничка изведба на стихотворбата<br>Учениците додека ја рецитираат песната имаат задача внимателно да слушаат и да си направат забелешка кој најмногу му се допадна.<br>По завршувањето на сите , со гласање избираме рецитатор на денот кој ќе има задача да ни ја изрецитира песната уште еднаш<br><br>**Завршна активност**<br><br>**Моите активности во зима сечи – лепи – обои**<br><br>сечи-лепи<br>https://www.literatura.mk/BookDetails.aspx?Pr=13334<br>https://www.literatura.mk/BookDetails.aspx?Pr=13335<br><br>лавиринти<br>https://www.literatura.mk/BookDetails.aspx?Pr=13529<br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **7.**<br>**Почетно пишување (печатни букви, мали букви, големи букви, точка, прашалник, извичник, азбука**<br> | Пишува кратки реченици, користејќи голема буква и интерпункциски знаци (точка, извичник и прашалник) | **1** | **Воведни активности**<br><br>Повторуваме за именки, сопствени именки.<br>Пишување на голема и мала буква<br><br>**Главна активност**<br><br>Објаснување на правилата за пишување на голема буква, правилно пишување знак точка на крајот на речениците .Истакнување на реченици кои се напишани со мали и големи букви но на погрешно место.<br>Разговор за речениците -визуелно што не е во ред со нив.<br>Кога ќе добијам повратен одговор им давам задача<br><br>Работа во парови / интерактивно пишување<br>Поправка на речениците со правилна употреба на голема и мала буква пишување во парови на компјутер<br><br>**Завршна активност**<br><br>Се проверуваат задачите а потоа играме игра – Гледам гледам....<br>**Нацртај и обои ...**<br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



resursi.literatura.mk